# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 20/2020
## 21.12.2020 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино**

Се објавува **Решение за именување на член на Училишен одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 18.12.2020 година.

Бр.09-647/1
21.12.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 106 ст.2 и ст.5 од Законот за основно образование („Сл.весник на РСМ„ бр.161/19, 229/20 ), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 29 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14 , 13/20 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 18.12.2020 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За именување на член на Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур „ Неготино**

1. За член на Училишниот одбор на ООУ „Страшо Пинџур" Неготино се именува

**- Николина Јакова**

3. Мандатот на членот на Училишниот одбор изнесува 3 години.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-636/3
18.12.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за формирање Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино**

Се објавува **Решение за формирање Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 18.12.2020 година.

Бр.09-647/2
18.12.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 11 ст.1 т.4 од Законот за социјална заштита ( Сл. весник на РСМ 161/19, 229/20) , член 36 ст.1 т. 15 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ 5/02) , чл. . 79 ст.1 т..26 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20) Советот на општина Неготино на ден 18.12.2020 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За формирање на Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино**

**Член 1**

Се формира Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино од 15 члена од во следниот состав:

- Аница Карафилоска- општина Неготино
- Слободанка Кртева- општина Неготино
- Филип Петровски - ЈУМЦСР Неготино
- Цветанка Ташева – ЈУМЦСР Неготино
- Елена Лазова- АВРСМ
- Светлана Гелева – ОУ „ Гоце Делчев“ Неготино
- Александра Манева – ОУ ,,Страшо Пинџур“ Неготино
- Оливера Николова Ташева- СОУ „ Св. Кирил и Методиј“ Неготино
- Зоран Сакламаев – ОВР Неготино
- Трајче Мирчев – ОВР Неготино
- Верица Шијакова- Здравствен Дом Неготино
- Душица Вулиќ – Мал групен детски дом
- Валентина Тасева- НВО, Порака
- Димитар Нацев- ОЈО
- Тошко Настов – ОО Црвен Крст Неготино

За извршување на административно технички работи на Советот се назначува Николина Панова вработена во општина Неготино.

**Член 2**

Мандатот на членовите на Советот за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино изнесува 4 ( четири) години.

Присуството на седниците на Советот е задолжително. Доколку член на Советот отсуствува три пати едноподруго од седници на Советот манадатот му престанува.

**Член 3**

За членување и работа во Советот за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино на членовите и на административно техничкото лице им следува право на годишен паричен надомест кој го определува Градоначалникот на општина Неготино со решение во износ од најмногу една просечна нето плата исплатена во РСМ за претходната година .

Средствата за оваа намена се обезбедуваат од Буџетот на општина Неготино.

**Член 4**

Ова решение влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Неготино.

бр.08-636/4
18.12.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација**

Се објавува **Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичко планска документација ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 18.12.2020 година.

Бр.09-647/3
18.12.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ“ број 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и на член 79 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Неготино („Службен гласник на Општина Неготино“ број 3/06, 2/2011 и 09/11, 16/12, 13/20), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 18.12.2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на потребата од донесување на урбанистичка планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти во урбанистичката планска документација

Член 1

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и усогласување на намена на бесправно изградени објекти кои треба да се вклопат со поединечни зони според намената на земјиштето и општиот режим на градење и употреба.

Член 2

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , за КО Тимјаник – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект на КП бр. 3337/4 означен со број на зграда 2 со намена А1 – домување во станбени куќи и број на зграда 2 со намена А1 – домување во станбени куќи ( помошни простории) , број на зграда 3 со намена А1 – домување во станбени куќи ( помошни простории) , КП бр. 3337/3 број на зград1 со намена А1 – домување во станбени куќи , КП бр.. 3290 број на зграда 1 со намена А1- домување во станбени куќи ( помошни простории) и КП бр. 3336 број на заграда 1 со намена А1- домување во станбени куќи ( помошни простории) , (според геодетски елаборат бр. 0801- 297/3 од 28.12.2016 година).

Член 3

Се утврдува потребата од донесување на урбанистичко-планска документација , за КП бр. 188 КО Калањево – Општина Неготино, со која ќе се изврши вклопување на бесправно изграден објект означен со број на зграда 1 со намена А4 викенд куќа , (според геодетски елаборат бр. 0803/20 од 11.04.2018 )

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Неготино“.

бр.08-636/5
18.12.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**П р е т с е д а т е л,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош ,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 18.12.2020 година.

Бр.09-647/4
18.12.2020 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Негитоно („Сл.весник на РМ“ бр. 3/06, 2/11, 9/11 и 16/12, 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на 18.12.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. Тасев Владо од Неготино износ од 5.000,оо денари
2. Рамон Ѓулперин од с.Црвени Брегови износ од 3.000,оо денари
3. Елвира Синанова од с.Криволак износ од 3.000,оо денари
4. Николов Ангел од Неготино износ од 5.000,оо денари
5. Марија Махлијанова од Неготино износ од 3.000,оо денари
6. Петров Владо од Неготино износ од 3.000,оо денари
7. Ванчо Ангелов од Неготино износ од 10.000,оо денарти
8. Блаже Донев од Неготино износ од 10.000,оо денари
9. Илијески Зоран од Неготино износ од 5.000,оо денари
10. Елифе Шабанова од с.Криволак износ од 3.000,оо денари
11. Ангелова Ангелина од с.Долни Дисан износ од 10.000,оо денари
12. Ванчо Димчев од Неготино износ од 4.000,оо денари
13. Ангелова Гордана од Неготино износ од 3.000,оо денари
14. Цвета Дубровска од Неготино износ од 10.000,оо денари
15. Пане Темелков од Неготино износ од 3.000,оо денари
16. Атанасов Зоран од Неготино износ од 15.000,оо денари

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во службен гласник на општина Неготино.

бр.08-636/6
18.12.2020 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов** с.р.

**СОДРЖИНА**

**Службен гласник бр. .20/20**

1. **Заклучок за објавување на Решение за именување член на Училишен одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино**
2. **Решение за именување член на Училишен одбор на ООУ „Страшо Пинџур“ Неготино**
3. **Заклучок за објавување Решение за формирање Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино**
4. **Решение за формирање Совет за социјална заштита за подрачјето на општина Неготино**
5. **Заклучок за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти**
6. **Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за вклопување на бесправно изградени објекти**
7. **Заклучок за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**
8. **Решение за доделување на еднократна парична помош**